# Смислата на животот





Основно прашање со кое мора да се соочи секој разумен човек е прашањето за смислата на животот - прашање што окупирало многу мисловни луѓе во минатото, а кое и денеска е привлечно и актуелно. Веројатно сите ние во одредени мигови, на пример, набљудувајќи го прекрасниот залез на сонцето кое во свечена тишина тоне зад живописниот пејсаж, сме се запрашале од каде потекнува таа хармонија и убавина и што е тоа што животот го прави живот и кое место ни припаѓа нам во него.

Од каде доаѓам и каде одам? Какво значење има мојот живот меѓу оние безброј милијарди луѓе кои живееле или живеат. Можно ли е по смртта да престане сè, и сите мои размислувања, мојата љубов, жалоста и напорите да постигнам нешто што ќе ме краси како човек, да исчезнат во виорот на времето и само повремено да се појавувам во сеќавањето на моите деца, на моите роднини, пријатели, а по неколку децении, кога и нивниот живот ќе се угаси, не веќе ниту таму? Сè ова може да се случи уште во следниот миг, зашто сите знаеме дека располагаме со несигурен живот. Дали тогаш се исплатува и понатаму да живееме, да се бориме и да се мачиме, за на крај да станеме поим насочен кон заборав, празнина која засекогаш ќе остане? Зар во универзумот настанало сè така бесмислено за набргу и да исчезне во бесмисла?



Од каде доаѓам и каде одам? Какво значење има мојот живот...

## *Трагања*

Еднаш разговарав со една моја позната пријателка, специјалист на подрачјето на психијатријата, која имаше големо работно искуство. Можеби несмасно ја прашав: „Бидејќи имаш животно искуство и лекарски позив, верувам дека ти си меродавно лице да ми одговори на прашањето - што е смисла на животот? Претпоставувам дека тоа многупати ти било поставено.“ Застана за миг и, по кратко молчење, рече: „Имаш ли некое полесно прашање?“

Многу луѓе немаат храброст да се носат со овие и со слични мисли и затоа ги потиснуваат, често измислувајќи нови прашања и желби што ќе им го окупираат вниманието. Некои тоа го прават така што се оддаваат на секое задоволство што ќе се најде на нивниот пат, други брзаат по кариера, робувајќи ѝ сè до својата смрт и убедувајќи се самите себеси дека, кога ќе постигнат некој



Мнозина ја бараат смислата во материјалното.

определен врв или ќе заработат доволно пари, тоа ќе им обезбеди доволно среќа и задоволство во животот. Сепак, на крај и тие увидуваат дека тоа не функционира.

Имам пријател кој е успешен деловен човек и кој располага со повеќе ми-



Богатството не може човекот да го направи трајно среќен.

лиони долари. Рачниот часовник што го носи блескоти од злато и скапоцени камења, а вредноста му се изразува со пет бројки во долари. Бидејќи се познаваме уште од „малечки нозе“, можев отворено за сè да разговарам со него. Бргу призна дека не е среќен човек. - Од примерите на многу луѓе што ги познавам можам да заклучам дека истото го доживуваат популарните, моќните и луѓето од кариера... Извесно време сето тоа е забавно и привлечно, но не може човекот да го направи трајно среќен, а уште помалку да одговори на прашањето за смислата на животот.

Од друга страна, оние на кои животот помалку им се насмевнува, излез бараат во други решенија, често во алкохол, па и во дрога. Сето тоа всушност е бегање од стварноста со која човекот не може или не сака да се соочи, зашто нема одговор на своите основни прашања. Зошто еден разумен човек би ги трошел своите пари да се труе (алкохол и дрога), однапред знаејќи дека тоа му носи болест, страдање и прерана смрт? Сакаат тоа да го признаат или не, овие луѓе не ја познаваат смислата на своето постоење и затоа нивниот живот е сличен на леш од брод на море кој ветриштата на околностите и понатаму безмилосно го парчосуваат на карпите на депресијата и бесмислата.

## Трагични резултати

Како краен и веројатно најжалосен продукт на ваквата состојба, сè поприсутен во современиот живот, е актот на самоубиство. Според актуелните статистички податоци, во светот секој ден се извршуваат околу 2.700 самоубиства. Тоа значи дека секоја година речиси еден милион луѓе, скршени од страдања, од бесмислата и загубеноста, си го одземаат себеси животот. Сета човечка интелигенција, сиот стопански и научен напредок, не успеале да ја задоволат човечката душа и да ѝ одговорат на основните прашања. Стапката на самоубиства во некои развиени индустриски земји е осетно повисока отколку во многу земји кои му припаѓаат на таканаречениот трет свет. Како пример може да послужи Германија во која во 1995 година 12.888 луѓе извршиле самоубиство. Проучувајќи ја статистиката од минатите години, лесно може да се забележи постојан пораст на овие трагични појави. Секако, многу е поголем бројот на оние кои се обиделе да извршат самоубиство, но не успеале да ја остварат таа жална намера. Уште поголем е бројот на оние кои радо би го окончале својот живот, но немаат храброст да сторат такво нешто. Тоа е трагедија на современиот човек, кој често има сè, освен целосно и вистинско задоволство и смисла на животот. Според една анкета која е спроведена во нашата земја, над 70% од анкетираните, на прашањето: „Што е смисла на животот?“ - одговориле: „Не знам“, или слично. Навистина е интересно што, иако за овој пред-



Илјадници се скршени од страдања, од бесмислата и загубеноста...

мет се напишани илјадници страници, современиот човек сè уште нема решение за овој проблем. Какви одговори му се нудат на човекот? Сообразно со постојните сознанија, уверен сум дека постојат само два основни пристапа кон овој проблем и дека, наспроти мноштвото книги што се напишани на оваа тема, сите мислења и поставки се темелат само на една од следните две основи што ќе ги поставиме.

## Прв одговор

Првиот одговор се темели на атеистичко-нихилистичкиот поглед на светот, со своите познати претставници, како што се Хемингвеј, Ниче, Ками, Волтер, Кафка итн. (иако сите претставници на нихилизмот не биле атеисти ниту пак сите атеисти имале песимистичко-нихилистички поглед на светот, не е погрешно овие

два правца да се стават во иста група, зашто нивните дела во трагањето по одговор на ова прашање, со кое се занимаваме, оделе во слична насока). Според ваквото сфаќање на животот и светот, помалку или повеќе сите луѓе се добра успешна игра на некаков случај, искра на живот запалена само за еден краток миг. Смисла на животот не постои или, реално гледано, таа воопшто не задоволува и се состои од создавање на нешто што и по мене ќе продолжи да постои (да се создава значи двапати да се живее, а тоа можат само врвните уметници, најсилните војсководители и најголемите научници, значи оние што ја одредиле смислата на животот) во одржувањето на видот и слично. На многу застапници на оваа теорија им било потребно да напишат многу книги во кои на крај извеле заклучок дека смислата на животот всушност е бесмисла или ја нема, па не треба ниту да се бара. Една од главните пораки што ја истакнува Сартр во своите дела е дека смислата на животот всушност лежи во бесмислата и дека страшливците не се подготвени тоа да го прифатат. Сличен песимизам може да се забележи и во делото на Ниче, на пример, во неговите зборови: „Сите ќе се исушиме... Сите извори ни секнале... Навистина, веќе сме станале премногу уморни за да умреме, така остануваме и понатаму живееме - во гробовите.“ Од друга страна, многу атеисти сметале дека животот навистина е убав и дека во него треба да се ужива, при што секогаш жално заклучувале дека тој, сепак, бргу поминува. Во своето дело „Филозофијата и христијанството“, Бошњак пишува: „Иако знае дека е конечен, човекот делува како да ќе биде траен. Иако е смртен, настојува да се афирмира како постојаност на егзистирањето.“ Се чини дека филозофите кои го застапуваат овој поглед на светот се слични на лекар кој извонредно поставува дијагноза, но не дава никаков лек (или дава погрешен). Проникнувајќи во длабината на човечките чувства и опишувајќи ги прецизно, тие стекнуваат наша доверба, но на крај, сепак, не даваат никакво решение што охрабрува. Делата на овие писатели кај мнозинството читатели создавале депресивно расположение, а често ги поттикнувале кон самоубиство. Веќе тоа може да послужи како добар показател во која мера успеале при решавањето на проблемите со кои се занимавале. Кон ова треба да се додаде и фактот дека е доволно да ги прочитаме нивните биографии и конечно да се увериме во каква жалосна состојба нè воведува овој начин на размислување. По долготрајна болест, Ниче завршил како човек со затемнет ум, Хемингвеј извршил самоубиство, а со својата депресивност и со својот начин на размислување на ист чекор ги навел и другите членови на своето семејство. Ќе бидам толку слободен да тврдам дека токму ваквиот начин на размислување е одговорен за многу самоубиства што се случуваат во светот. Според егзистенцијалистите, животот е мачнина, апсурд и контрадикторност. Интересно - процентот на оние кои вршат самоубиство е поголем во животот на образованите, отколку на необразованите. Мислам дека овој заклучок можеме да му го припишеме токму на фактот што тие длабоко ја испитувале и ја барале смислата, а одговорите што ги нашле во делата на овие признати и реномирани писатели, уште подлабоко ги турнале во безнадежност.



Смислата на животот всушност лежи во бесмислата - Сартр.



Бесмислата на атеистичкиот поглед на светот мнозина турнала во очај.

Ова би можело да се прикаже со испитувањето што е спроведено на еден американски универзитет, а кое опфатило 60 студенти кои се обиделе да извршат самоубиство. Од нив 85% изјавиле дека тоа го направиле затоа што „животот им изгледал бесмислен“. Меѓутоа, најважно е тоа што 93% од тие студенти, кои страдале од очигледен недостиг на животна смисла, биле активни во општествениот живот, биле добри студенти и имале добри односи со членовите на своите семејства. Во книгата на Виктор Франкло „Нечујно пекање по смисла“, во која се опишу-

ва ова испитување, е нагласено дека самоубиството е втора причина за смртта меѓу американските студенти, веднаш зад сообраќајните несреќи, а дека обидот за самоубиство веројатно е и до петнаесет пати почест.

Ова е дел од широката палета на она што ни го нуди овој поглед на светот, како и израз на некои влијанија што ги врши врз оние што го прифаќаат. Иако во сето ова е тешко да се воопшти насоченоста на идеите што постојат, иако има писатели кои застапуваат оптимистички став кон животот, сепак можеме да кажеме дека основната идеја е добро изразена со зборовите на еволуционистот и нобеловецот Моно, кој во својата книга „Нужност и случајност“ запишал: „Човекот на крај знае дека во бесчувствителната, бесконечна вселена, од која се појавил наполно случајно, никаде не е искажана неговата судбина ниту неговата должност.“



Вселената, ... е создадена според планот и волјата на една семоќна Личност - Бог.

## *Втор одговор*

Вториот, од двата единствени можни ставови, е верувањето дека вселената, почнувајќи од најситното делче на материјата, па сè до најголемите галаксии, е создадена според планот и волјата на една семоќна Личност - Бог.

Неговата егзистенција од вечни времиња не е можно рационално да се објасни, како ни неговата сила, мудрост и семоќ што ги покажал при создавањето на сè што нè опкружува.

За да ја објасниме смислата на животот од оваа втора перспектива, ќе се вратиме до самиот почеток, до настанокот на човекот.

Сообразно со ова становиште, човекот е продукт на Божјата љубов која ќе им ја стави на располагање на сите суштества што ќе ги создаде. Во Библијата ние сме наречени негови деца, што го издигнува фактот оти Тој ни подарил живот и дека кон нас се однеува родителски. Не бил план на Творецот човекот да живее на планета исполнета со страдања и болки. Првите луѓе биле совршено среќни и здрави. Комуницирале со Дародавецот на животот во непосредни контакти во кои можеле да го посматраат, да го слушаат неговиот глас и да му поставуваат прашања. Овие луѓе биле создадени вечно да живеат, зашто навистина не би имало смисла Бог да создаде суштества што ги сака и што тие него го сакаат, наспроти својата божествена семоќ, да дозволи тие суштества да умрат. И ние луѓето, ако би имале власт над животот и смртта, сигурно не би дозволиле нашите деца, кои безмерно ги сакаме, да умрат.

Меѓутоа, кога се одвоил од Бога и пошол по патеките на гревот и злото, што и можел, зашто имал слободна волја и право да бира, човекот стигнал до оваа жалосна состојба во која се наоѓа сега. Од тоа време постои тага, болест, омраза и смрт. Па сепак, Божјата љубов не можела да се помири со фактот засекогаш да го загуби човекот и затоа Исус Христос, едно од трите лица на Божеството, доаѓа на овој свет, живее меѓу луѓето совршен живот и умира за нашите гревови за да не бидеме ние засекогаш загубени. Така, секој што ќе ја прифати неговата жртва и што ќе ѝ дозволи на Божјата љубов да го освои неговото срце, ги победува омразата, зависта, нечистите дела и мисли и ќе биде повторно примен во Божјето семејство, во сигурноста на вечниот живот.



И ние луѓето, ако би имале власт над животот и смртта, сигурно не би дозволиле нашите деца, кои безмерно ги сакаме, да умрат.

## *Големите луѓе за Божјето постоење*

Иако многу теории за постоењето на животот, на светот и човекот се обидувале да го урнат сознанието за Бога како Творец, факт е дека поголемиот дел од човештвото го прифаќа Божје-

то постоење. Ова не се однесува само на луѓето со помалечко образование, туку и на многу великани на човечкиот дух и на историјата кои цврсто верувале во постоење на Творецот. Ќе наведеме неколку примери меѓу големото мноштво кои ја признаваат и ја воздигаат Христовата големина и неговата љубов:

„Еден ден луѓето ќе се смеат на глупоста на современата материјалистичка филозофија. Колку повеќе ја изучувам природата, сè повчудовидено и со восхит го откривам Творецот на дело. Јас се молам и додека работам во лабораторијата“ (Луј Пастер).

„Ние животот и смртта ги познаваме само преку Исуса Христа. Без Исуса Христа не знаеме ниту што е нашиот живот, ниту што е нашата смрт, ниту што е Бог, ниту што сме самите ние“ (Блез Паскал).

„...Јас се молам на Бога секој ден“ (Никола Тесла).


Луј Пастер


Блез Паскал


Никола Тесла


Алберт Ајнштајн


Наполеон


Иво Андриќ


Абрахам Линколн


Исак Њутн


Достоевски

„Никој не може да го чита евангелието а да не ја чувствува Исусовата стварност. Пулсот на неговата личност отчукува во Светата реч... Светиот лик на Назареќанецот остави врз мене необорлив впечаток“ (Алберт Ајнштајн).

„Како што е сигурно дека постои Бог, така е сигурно дека Христос е Бог... Како што сум сигурен за себе дека не сум ниту малку повеќе од човек, така за Христа сум уверен дека е многу повеќе од тоа. Верувам дека ги познавам луѓето и затоа велам дека Исус не е човек... Александар, Цезар, Карло Велики и јас основавме големи империи. Но врз што се темелеа тие дела на нашиот гениј? На сила! Исус своето царство го основал на љубов и затоа дури и денеска милиони луѓе се подготвени да умрат за него... Колку голема е разликата меѓу мојата длабока беда и Христовото царство кое и денеска се проповеда, се сака, се слави и шири по цел свет! Христос запалува оган на љубов кој голта секој егоизам и надминува секоја човечка љубов“ (Наполеон, при крајот од својот живот на Света Елена).

„Во Бога завршува мислата што ми се губи во очајниот бескрај. Нас не нè носи ветерот како лисја и оваа горчлива среќа не е смисла и цел на самата себеси. Ние не сме атоми од прашина која без цел се издигнува лете во облаци над друмовите... Слава ти, Боже, за маката на денот и за мирот ноќе, за кусиот живот и за големата загатка на смртта; нека се благословени твоите одлуки според кои доаѓаме на светот и си заминуваме од него откако сме се изнарадувале и изнамачиле. Огромни и несфатливи се твоите планови и јасно е дека не можеме да им ја догледаме ниту насоката ниту целта и дека мораме да ги признаеме; но тешко е да се биде човек, Господе“ (Иво Андриќ).

„За таа голема Книга (Библијата) можам да кажам само едно: таа е најубавиот подарок што му го подарил Бог на човекот. Сето добро на Спасителот на светот ни е откриено во неа. Без таа Книга не би можеле да правиме разлика меѓу доброто и злото“ (Абрахам Линколн).

„Ние ги имаме Мојсеја, пророците и апостолите, дури и Речта на Исуса. Ако не сакаме да се сложиме со него, имаме толку малку извинување како и Јудејците“ (Исак Њутн).

„На земјата навистина талкаме и кога пред нас не би постоел драгоцениот Христов лик, ние би пропаднале и наполно заблуделе како човечкиот род пред потопот“ (Достоевски).

Овој список би можеле да го продолжиме со имиња на многу други познати научници, композитори, писатели, државници... Всушност, овој спис би можеле да го исполниме само со набројување на нивните

имиња. Денеска по цел свет постојат стотици креационистички здруженија на кои им припаѓаат илјадници професори, магистри и доктори по природни науки кои не можат да се сложат со теоријата за случаен настанок на нашиот свет. Па сепак, иако ваквите примери можат да ја засилат нашата вера, тие не треба да станат наш клучен доказ, зашто секој треба да се служи со својот сопствен ум.



## *Хармонија без Творец?*

Исак Њутн на својата маса имал минијатурен сончев систем. Во центарот било сонцето со сите планети што се движат околу него. Еден научник влегол во неговата работна соба и рекол: „Колку е сложен овој систем. Кој го направил?“ „Никој!“, му одговорил Њутн на човекот кој бил неверник. „Зошто ме правиш неразумен, сигурно некој го направил и тој некој мора да бил гениј!“ Њутн му одговорил: „Овој систем е ситна имитација на еден огромен систем чиишто закони ги познаваме вие и јас. Јас не можам вас да ве убедам дека ова е само играчка без творец, а вие сепак верувате дека големиот оригинал нема Творец.“

Според најновите истражувања, се претпоставува дека, во оној дел од вселената кој донекаде сме успеале да го запознаеме, има повеќе стотици милијарди галаксии, а секоја од нив просечно има меѓу 200 и 500 милијарди ѕвезди. Притоа нашата галаксија е релативно мала и содржи „само“ околу 200 милијарди ѕвезди, а во пречник е 75 пати помалечка од досега најголемата откриена галаксија чијшто пречник изнесува 5,6 милиони светлосни години! Денеска астрономите ни соопштуваат дека вкупниот број на до сега откриените ѕвезди изнесува 1025, односно 10 000 000 000 000 000 000 000 000. Овој број се однесува само на оној дел од вселената што можеме да го досегнеме со нашите телескопи. Но не треба да се загуби од вид и тоа дека овој огромен број ѕвезди има и свои придружници, како и нашето сонце, а овие пак свои (месечини). Сите тие безбројни небесни тела се движат по точно определени патеки, наредени во сложени и точно одредени ѕвездени системи на своите галаксии. Кога такви системи би имало само неколку во целата вселена, а кога другите небесни тела, милијарди на број, би се движеле без определени патеки, во целосен хаос, можеби и би можело да се зборува за случај и за теоријата на „силна експлозија“. Но, наспроти тоа, целата вселена дејствува совршено хармонично. Затоа теоријата за „силна експлозија“ не може да се одржи, зашто по секоја експлозија настанува хаос и неред, а никогаш совршен ред и хармонија! Бог е голем творец и одржувач на сè што постои. Тој со

леснотија управува со огромните планети и со невидливите атоми.

Д-р Артур Комптон, физичар, носител на Нобелова награда, за текстот од 1. Мојсеева 1,1 го кажал следното: „Што се однесува до мене, верата почнува со сфаќањето дека светот и човекот ги создала натприродна сила. Мене не ми е тешко да верувам, зашто не може да се побие дека таму каде што постои план, мора да постои и интелигенција - хармонијата на вселената сведочи за вистината на највеличественото тврдење: 'На почетокот Бог...'“

На сличен начин размислува и познатиот астроном, физичар и математичар Јохан Кеплер: „Во сè што е создадено како со раце да го допирам Бога.“ За неверникот Бог најчесто не постои, зашто тој не сака Бог да постои. Ако некој од нас случајно на пат најде обичен клин, сигурно е дека не би размислувал колку илјади години требало сосема случајно да се одиграат потребните хемиски процеси, да се наталожи потребното количество метал, под чуден сплет на околностите да се создаде потребната температура итн., и на крај да настане тој наш клин. Па сепак, случајниот настанок на само една белковина би бил многу поневеројатен од случајниот настанок на еден обичен клин. Дали е полесно да се поверува дека сите сложени облици на животот, кои се наполно целисходни, а при тоа ги задоволуваат и највисоките норми на естетиката (ружата, пеперугата, пауновото перо...), се продукт на чист случај или се продукт на мудро смислен план?



„Што сè неверниците мораат да веруваат за да останат неверници!“ - Паскал

Паскал навистина кажал голема вистина кога изјавил: „Што сè неверниците мораат да веруваат за да останат неверници!“

Познатиот еволуционист Ернст Хекел еднаш признал дека спонтаниот настанок на животот мора да биде признат како факт не затоа што може лабораториски да се докаже, туку поради тоа што инаку би морало да се поверува во постоење на Творец. Многу неверници остануваат неверници затоа што не го прифаќаат концептот според кој тие се создадени суштества и затоа што тоа има конкретни и морални импликации врз нивниот живот, односно ги повикува да го изменат карактерот според примерот на Исуса Христа.

Дури и Дарвин во својата старост се вратил на верата во Бога што ја негувал уште во детството. Кога го посетила некоја госпоѓа Хоуп, тој, седејќи на креветот за кој бил прикован веќе неколку месеци, во своите раце држел отворена Библија. „Што читаш“, го прашала госпоѓата Хоуп. „Царската книга, така ја викам, зашто тоа е навистина голема книга“, одговорил Дарвин. Потоа го споменала создавањето и првата глава од Прва книга Мојсеева. Дарвин се вознемирил и одговорил: „Бев млад човек со неоформени идеи. Претпоставував, се чудев, предлагав и на мое изненадување овие идеи станаа пожар. Луѓето од нив создадоа религија!“ Потоа додал: „Јас имам градина зад куќата. Сакам утре попладне да им зборуваш на луѓето за Исуса Христа и за неговото спасение. Нели е тоа најдобра тема? Сакам да пееш химни со нив. Ако се соберете во три часот, мојот прозорец ќе биде отворен и јас ќе ви се придружам.“

## *Вечен живот*

Многу луѓе порано или подоцна заклучиле дека постои само една вис-



„И видов ново небо и нова земја...“

тинска смисла на животот и дека таа се наоѓа во вечното пријателство со Творецот. Прашањето што сега се наметнува само по себе гласи: „Како ќе изгледа вечниот живот?“ - Тој ќе биде ист како оној што го имал човекот пред да се одддели од својот Творец. Библијата го опишува вака: „И видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа и море нема веќе. Тогаш јас, Јован, го видов светиот град - новиот Ерусалим - како слегува од небо, од Бога, стокмен како невеста, украсена за својот маж. И чув како еден силен глас од небото вели: „Еве го Божјиот шатор меѓу луѓето и Тој ќе живее со нив; и тие ќе бидат негов народ, и сам Бог ќе биде со нив,

и ќе избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина.' ... Кој победува го наследува ова, и јас ќе му бидам Бог и тој ќе ми биде син" (Отровение 21,1-4.7).

Сите траги на злото во природата, а и во човекот, ќе исчезнат. Сите телесни недостатоци ќе бидат отстранети. Секоја тага и болка ќе ги снема. Едноставно, сè ќе биде онака како што планирал Творецот кога на луѓето им подарил живот. „Тогаш ќе им се отворат очите на слепите, ушите на глувите ќе се отнат; тогаш куциот ќе скока како елен и јазикот на немиот ќе пее; зашто води ќе бликнат во пустината и потоци во степите... Ќе се вратат искупениците Господови. Ќе дојдат на Сион со радосни извици, со вечна веселба на челата; песна и радост ќе ги придружуваат, а жалоста и воздишките ќе побегнат" (Исаија 35,5.6.10).



Во сегашните земни услови не е можно да се опише убавината на тој свет, зашто ниту еден ограничен ум не е во состојба да ја сфати славата на Божјиот рај. Понекогаш ми се чини дека тоа е слично на обид на човек слеп од раѓање да му се опише убавината на заоѓањето на сонцето посматрано на море, спектарот на боите на виножитото или блескотниот сјај на рубинот, сафирот, бисерот и дијамантот.

„Што око не видело, што уво не чуло и што во човечко срце не дошло, тоа Бог го приготви за оние кои го љубат" (1. Коринќаните 2,9).

Ако во овој кус живот понекогаш ни е и здодевно, во оној, вечниот, тоа не е случај. Еден од најмногу преведуваните и најчитани духовни писатели, Елена Вајт, тоа го образложува вака: „Небото е школа, нејзино подрачје на проучување е вселената; нејзин учител, Бесконечниот... Таму ќе се развива секоја моќ, ќе се зголемува секоја способност. Ќе се преземаат највеличествени потфати, ќе се исполнуваат најблагородни копнежи, ќе се постигнуваат највозвишени цели. И пак ќе се појавуваат нови врвови да ги освојуваме, нови чуда да им се восхитуваме, нови вистини да ги сфатиме, нови замисли да ги поттикнат силите на телото, умот и душата. Божјите деца ќе можат да ги истражуваат сите ризници на вселената. Со неискажливо уживање ние ќе учествуваме во радоста и мудроста на безгрешните суштества.

На располагање ќе ни стојат богатствата стекнати во текот на многу векови на размислување за делата на Божјите раце. А додека ќе поминуваат годините на вечноста, тие и понатаму ќе носат сè пославни откритија, „неспоредливо повеќе отколку што можеме да бараме или замислиме" (Ефесјаните 3,20). Бог вечно ќе нè опсипува со своите дарови" (Воспитување, стр. 267,272).

Па сепак, сиот сјај, сета раскошна убавина и совршена хармонија на сè што постои не ќе биде она што ќе ни носи најголемо задоволство. Божјето присуство, неговата љубов, времето поминато со него - тоа на сите ќе им носи највозвишена радост. Присуството на луѓето што ги сакаме и ги цениме често прави да се чувствуваме убаво. Меѓутоа, да се живее во присуство на Изворот на безмерната љубов, мудрост и правда, ќе нè прави вечно среќни.

Божјето присуство, неговата љубов, времето поминато со него - тоа на сите ќе им носи највозвишена радост.



## *Рационално осознавање на Бесконечниот?*

Само од една точка во вселената теоретски можат да се повлечат безброј правци, а до крајот на кој било од нив не е можно да се дојде, зашто вселената е бесконечна. Што се наоѓа во вселената која во секој правец и големина е бесконечна? Дали во бесконечниот простор постојат големините - горе, долу, лево и десно? Како може Бог да ја познава иднината која точно ја покажуваат исполнетите библиски пророштва, а според нашето

искуство не е можно да се движиме напред или назад во времето? Како ќе живееме вечно, кога такво нешто е туѓо за нашите досегашни сознанија?



Во Библијата постојат 3.268 исполнети пророштва.

Нема потреба од нови прашања, зашто нашиот ум и овде застанува. Како што би било неприфатливо Ајнштајн својата теорија на релативитетот да се обиде да му ја објасни на едно тригодишно дете, уште понеприфатливо е Бог своите мистерии што се појавуваат пред нас да се обиде да му ги објасни на нашиот ограничен ум. Науката открива дека просечниот човек користи околу 3-6% од капацитетот на мозокот. Луѓето што ги нарекуваме гении достигнуваат до отприлика 7%. Тоа само донекаде укажува на деградацијата што настанала како резултат на одвојувањето на човештвото од Бога. Во текот на целата вечност и со интелект кој ќе биде далеку над овој што го имаме сега, зашто повторно ќе функционира со 100% од можностите, ние ќе се восхитуваме и сè повеќе ќе ја запознаваме Божјата мудрост.

Меѓутоа, иако денеска не можеме да сфатиме многу нешта, сепак, не е точно дека не ни е даден никаков потпор за верата и дека сè почива врз имагинација. Во Библијата постојат 3.268 исполнети пророштва, од кои некои се толку подробно опишани, што би било апсолутно неможно случајно да се совпаднат со преткажаните настани, а уште и годината кога некој од нив се исполнил. Еден од најголемите умови во историјата на науката, Исак Њутн, 42 години посветил на истражување на библиските пророштва. По неговата смрт објавено е неговото капитално дело: „Разгледување на пророштвата на Даниел и Откровението на свети Јован“. Значи, библиските пророштва се еден од силните докази за нејзината божествена инспирација. Поради просторната ограниченост на овој спис, не ќе можеме да навлегуваме во многу други докази што ги има оној кој сака да верува.

## *Површни размислувања*

Понекогаш може да се чуе изјавата: „Не ми е потребен вечен живот, доволен ми е и овој што сакам добро да го проживеам.“ Ваквите зборови се резултат на влијанието што го извршила материјалистичко-атеистичката филозофија, така што она нормалното станало нереално. Упорното противење или откажување на можноста дека постои вечен живот, кај некои најпосле успева да ја убие и желбата за самиот живот. Тоа би можело да се спореди со пијаница кој ноќе лежи во студен ендек и упорно ве убедува дека не сака ваша помош, зашто тука му е одлично и дека нему не му недостига ниту топлината на домот ниту удобноста на креветот. Ваквиот став е резултат на нарушениот начин на размислување што го има тој човек во тој миг. Друга слика, која можеби е уште повпечатлива, е сликата на човек кој умира завеан во снег. Кога човек извесно време мрзне во снег, во еден миг почнуваат да му се привидуваат прекрасни сцени, се чувствува убаво, не му е студено и не се обидува веќе да се спаси, ниту е свесен дека тоа треба да го стори час поскоро.

Сè што е во мене вика против смртта, против најтрагичната појава на земјата. Помислата на вечно исчезнување на блиското и сакано лице згрозува секој нормален човек. Ако некој би ми рекол дека ќе живеам сто милијарди години и, кога ќе помине тоа време ќе морам да умрам еднаш засекогаш, сигурно би бил најнесреќен човек на светот. Ниеден човек кој здраво размислува не може да се помири со фактот за своето вечно исчезнување, без оглед колку долго траел неговиот живот пред да исчезне.

## *Лично искуство*

Имав татко кој многу го сакав. Беше офицер и се наоѓаше под влијание на идеологијата што се пропагираше во негово време. Меѓутоа, кога Бог го привлече кон себе со својата љубов и со искуствата



Сè што е во мене вика против смртта, против најтрагичната појава на земјата.

што ги доживеа со него, тој го отфрли својот дотогашен начин на размислување и стана искрен верник. Беше човек со добро и жалосливо срце, дури сакаше да се дружи и шегува со децата. Неговата весела и добродушна природа го направи човек кој беше омилен во друштвото во кое се движеше.

Додека бев малечок, ми посветуваше многу време и би можело да се каже дека јас израснав на неговите колена. Често одевме заедно на прошетка, си прикажувавме - му бев најважно суштество на светот. Па и кога пораснав, нашата меѓусебна љубов и понатаму беше грижливо негувана. Сепак, животните околности нè разделија, зашто јас заминав да живеам во еден подалечен град. Помина доста време, а јас не го видов татко ми. Си пишувавме еден на друг, разговаравме преку телефон, но мене сепак ми недостигаше неговата топла насмевка и неговата срдечна прегратка.

А потоа, еден ден, кој секогаш ќе го паметам по тоа, дознав дека татко ми, без ниту еден ден боледување, во својата 74-та година умре со ненадејна смрт. Таа болка не може да ја сфати некој кој не загубил свој близок и мил. Особено тешко ми падна што долго пред тоа не го видов и што не бев близу до него да го испратам пред крајот кој со ништо не беше најавен. Во сите наредни години од мојот живот на оваа земја трагично е што никогаш веќе не ќе го видам тоа драго лице, ниту ќе го слушнам гласот што ме воведе во многу корисни сознанија, кој ме храбреше, ме веселеше и тешеше, што никогаш нема да ја помилувам неговата коса, ниту ќе ги видам повторно неговите очи, што не ќе можам да го прегрнам човекот за кого бев сигурен дека искрено ме сака. Зар мојот татко да се претвори во прав, никогаш повеќе да не слушне цврцорење на птица, да не ја види убавината на цвеќето, живописниот залез на сонцето на море и она, најважното - нас кои го сакаме. Но не, јас знаев дека не е така, односно дека тоа е така, но само привремено. Ја отворив мојата Библија и читав за Лазара кого Исус го воскреснал од мртвите. Во таа пригода Исус Христос рекол: „Јас сум воскресение и живот; кој верува во мене - и да умре - ќе живее. И секој, кој живее и верува во мене, нема да умре довека“ (Јован 11,25.26).

**„Вечен мир! - колку добра, голема и убава е таа желба!** О непознат добар човеку, ти благодарам за таа твоја желба! Живејте и борете се како најдобро што умеете, молете се на Бога и сакајте ја сета природа, но најмногу љубов, внимание и сочувство оставете за луѓето, за своите бедни браќа чијшто живот е непостојано снопче светлина меѓу две бесконечности. Сакајте ги луѓето, често помагајте им и секогаш пожалете ги, зашто сите луѓе ни се потребни.“

*- Иво Андриќ*

Овие зборови ме охрабрија затоа што се божествено вистинити, а не продукт на илузии настанати со желбата да се намали стравот од смртта. Ниту еден човек уште не успеал да го реши овој најголем проблем на човечкиот род. Постои само Еден во историјата на човештвото кој изјавил дека има власт над смртта. Тој на тоа има право зашто со своето воскресение ја победил смртта. Сите други, кои граделе лични ставови за животот и смртта, сè уште се во своите гробови и така ја докажуваат сета празнина на своите сфаќања. Исус не зборува само за животот - Тој е живот: „Јас сум пат, вистина и живот; никој не доаѓа при Отецот, освен преку мене“ (Јован 14,6). Тој е единствена светлина што ја осветлува темнината на гробот.

„Не чудете се на тоа, зашто доаѓа часот во кој сите што се во гробовите ќе го чујат неговиот глас и ќе излезат од нив - оние што правеле добро ќе воскреснат за живот, а оние што правеле зло, ќе воскреснат за осудување“ (Јован 5,28.29).

„... оние што правеле добро ќе воскреснат за живот...“



## Заклучок

Не се впуштавме во разработка на некои основни филозофски правци. Сметам дека е потребно да се изнесе вистината, а не да се побиваат сите заблуди што постојат. Секое трагање по смисла на животот може да зврши само со едно од двете можни одредишта. Прво е ставот дека човекот е слаб и поминлив смртник кој е сличен на брод без кормило, на кој му се закануваат подводни карпи. „На крај човекот дознава дека е дел на една

бесчувствителна, бесконечна вселена во која се појавил сосема случајно и никаде не е искажана неговата судбина ниту неговата должност“ - колку тажно и стушено се одгласува во човековото секојдневје!

Другиот став укажува на Творецот, на Отецот полн со љубов кој копнее во текот на сета вечност да живее со суштествата на кои им подарил живот. Да се загуби ова значи да се загуби сè. И царот и питачот, и генијалниот и ментално заболениот, имаат иста судбина, освен ако е ова вистина. Меѓутоа, таа класификација нема да се одвива според овие критериуми што важат во животот на мнозинството луѓе, туку според чистотата на карактерот, љубовта и благородноста.



Дај му на Бога можност. Обиди се да го запознаеш.

Она што го бара Бог од човекот никогаш не го понижува човекот ниту го лишува од која и да е вистинска животна радост. Бог го повикува човекот при себе да го направи среќен и да му го покаже вистинскиот животен пат. Секој што ќе почне да ја чита Библијата ќе се увери дека таа е писмо на љубовта што му е упатено на секој човек. Ваквиот поглед на светот човекот уште во овој живот го прави посреќен и понапреден, но неговата посебна вредност лежи во перспективата на вечниот живот.

Под претпоставка дека Бог не постои, верникот со својата вера не загубил ништо, напротив, истражувањата покажале дека верниците имаат повеќе животен оптимизам и полесно излегуваат на крај со проблемите и несреќите. Ако Бог постои, неверникот губи, а верникот добива вечност.

Луѓето посветуваат години на истражување на некоја древна култура или на играње шах. Нели оваа Божја понуда е достојна подробно да се испита, макар на прв поглед и да не ни изгледа толку вистинита? Зар човештвото има подобра понуда? Од друга страна, можеме ли навистина да бидеме сигурни дека безброј милиони навистина веруваат во бесмислици? Дај му на Бога можност. Обиди се да го запознаеш. Убавината на животот со Бога не е можно да се објасни. Таа треба да се доживее. Дозволи ѝ на Библијата да му проговори на твоето срце. Таму ќе го пронајдеш живиот Бог, наполно поинаков од оној што си го запознал низ приказните што си ги чул од другите. По твојата лична средба со него, никому веќе не ќе му биде потребно да те уверува дека Тој навистина е љубов, вистина и живот.

Еднаш Исус рекол: „Но вие не сакате да дојдете кај мене за да имате живот“ (Јован 5,40). Во овие зборови се чувствува длабокиот Христов копнеж за неговите созданија, искрена желба ним, за кои го дал својот живот, да им подари непоминлив живот. Во неговиот глас се слуша израз на болка, зашто луѓето тој живот не го сакаат.

Современиот човек и денеска може да ја одбие неговата понуда, но со тоа ништо не ќе добие, напротив, сè ќе загуби. На нашиот небесен Отец ќе му биде искрено жал зашто за него секој од нас има неизмерна вредност. Без оглед колку деца имаат, за родителите секое од нив претставува непроценливо богатство. Најголема одлука што мора да ја донесе секој човек во својот живот е одлуката да го прифати или да го отфрли Бога. Човек може да се сомнева, но единствена надеж и единствен помошник на кој и да е смртник - полнота и смисла на неговиот живот - е неговиот Спасител Исус Христос.

„Јас им давам вечен живот и никогаш нема да загинат и никој нема да ги отме од мојата рака.“



„Јас им давам вечен живот и никогаш нема да загинат и никој нема да ги отме од мојата рака“ (Јован 10,28).

Текст: **Павле Руниќ** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето„** 1001 Скопје | За издавачот: **Михајло Гурев**